Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за локална самоуправа | Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

**Државен инспекторат за локална самоуправа** | **Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr.02-193/1
02.10.2023 година

**Скопје/Shkup**

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став (3) од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 го донесе следното :

# Р Е Ш Е Н И Е

Примената на Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, објавена во („Службен гласник на општина Ѓорче Петров") бр.08/2023, СЕ ЗАПИРА.

## О б р а з л о ж е н и е

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став (1) и ( 2) од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија") бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 по службена должност и по поднесена иницијатива, изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на општина Ѓорче Петров, објавени во („Службен гласник на општина Ѓорче Петров") бр. 08/2023, кои Градоначалникот на општина Ѓорче Петров, согласно членот 71 став (1) од Законот за локалната самоуправа ги достави до овој орган на 13-09-2023 година, предмет со наш арх. бр. 08-1032 и утврди дека Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, не е во согласност со член 23 став (1) и ставовите (5 до 9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија.") бр.32/2020 и 111/2023 ).

Според член 23 став (1) од Законот за урбанистичко планирање:

(1) Урбанистички план е на сила до донесување на нов урбанистички план.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

(5) Урбанистички план од член 10 став(1) точките 1,2,3,4 и 5 негов дел или планска оддредба се суспендира од применување од страна на донесувачот на планот, доколку се докаже несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување, а произлегува од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него, поради негова неусогласеност со планови од повисоко ниво или поради плански решенија чиишто штетни последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за негово донесување.

(6) Донесувачот на планот, одлуката за суспензија ја донесува врз основа на стручен елаборат за суспензија на применувањето на урбанистичкиот план, негови делови или плански одредби, изработен од комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, а по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кое се издава во рок од 15 работни дена по приемот на стручниот елаборат и барањето за мислење.

(7) Одлуката од ставот (6) на овој член е на сила до донесувањето на измени и/или дополнувања на суспендираниот урбанистички план, негови делови или плански одредби, со коишто ќе се надминат и отстранат недостатоците што биле основ за суспензијата, но не подолго од шест месеци за поединечни делови од урбанистички план или одредени плански одредби и една година за целиот плански опфат на урбанистичкиот план.

(8) Одлуката од ставот (6) на овој член не може да се донесе доколку донесувачот истовремено не донесе одлука за отпочнување на постапката за донесување на нов урбанистички план или на измени и дополнувања на урбанистичкиот план од ставот (7) на овој член, со цел отстранување на одредбите од ставот (5) на овој член за кои е докажана штета по јавниот интерес.

(9) По истекот на роковите од ставот (7) и неисполнувањето на условот од ставот (8) на овој член, суспендираниот урбанистички план, неговите делови или плански одредби продолжуваат да се спроведуваат, при што штетите што настанале од суспендирањето на планот како и од неотстранувањето на недостатоците на урбанистичкиот план од ставот (5) од овој член, ги сноси единицата на локалната самоуправа за урбанистичките планови од локално значење и Владата на Република Северна Македонија за урбанистичките планови од државно значење.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Според сега важечкиот Закон за урбанистичко планирање, член 23 се бави со важењето на урбанистичките планови и нивната суспензија. Така, урбанистички план <u>може да се укине целосно или делумно</u>, или да се суспендира.

**Овој <u>закон не го познава поимот времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров</u>.**

Од фактите утврдени при извршениот вонреден инспекциски надзор на ден 15.09.2023 година и оценување на уставноста и законитоста на донесената одлука, како и над постапката на донесувањето (според член 5 став 2 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа) на Одлуката бр.08-1360/5, и другите активности преземени од страна на инспекторот, кој го составил Записникот со арх.бр.08-972, како и по добивање на бараната дополнителна документација, доставена од општина Ѓорче Петров, е **констатирано дека горespоменатата одлука не е во согласност со член 23 од Законот за урбанистичко планирање.**

<u>**Оттука, иницијативата до Уставниот суд е заснована на пропусти во постапката за донесување на**</u> Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, објавена во („Службен гласник на општина Ѓорче Петро") бр.08/23<u>**, што е доволен основ Уставниот суд да покрене постапка за оценка на уставноста и законитоста.**</u>

Од аспект на уставните начела се повикуваме и на повредата на принципот на владеење на правото.

Законите и прописите мора да бидат во согласност со Уставот и со законите. Во конкретниот случај со Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, повреден е принципот на владеење на правото и одредбите од Законот за урбанистичко планирање.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov. mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Од формално правен аспект во член 1 од Одлуката за времен прекин морало да стои повредата на законот заради која се донесува одлуката времено се прекинува, додека во основот за донесување на одлуката не се повикуваат на одредбите од материјалниот закон од каде се црпи законскиот основ за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт Сз 03, туку само се повикуваат на одредбата од член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа, како и член 16 став (1) точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров, каде не е дефинирана таа надлежност.

Државниот инспекторат за локална самоуправа, врз основа на член 23 став (1) и (2) од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија") бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18, одлучи како во диспозитивот.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", и во web страната на Министерството за локална самоуправа во делот на Државниот инспекторат за локална самоуправа.
Доставено до: Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Ѓорче Петров, како и до подносителот на иницијативата.

Подготвил: Рахим Муслиу
Виш-Државен инспектор за локална самоуправа

ВД Директор,
Ферди Шабани

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
Државен инспекторат за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale

Бр./Nr.02-193/2
02.10.2023

Скопје/Shkup

До : Уставен суд на
Република Северна Македонија
С к о п ј е

Државниот инспекторат за локална самоуправа – Скопје, врз основа на член 23 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„) бр.158/10, 187/13, 47/14 и 64/18 во законски рок поднесува :

# И Н И Ц И Ј А Т И В А

За оценување на уставност и законитост на пропис донесен од Совет на општина Ѓорче Петров, со **запирање на примена.**

Предмет на иницијативата е иницирање постапка пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, за оценување на уставноста, законитоста и постапката на Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, објавена во („Службен гласник на општина Ѓорче Петров”) бр.08/2023, СЕ ЗАПИРА

Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 23 став (3) од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа донесе решение бр.02-193/1од 02.10.2023 година, со кое ја запре примената на погоре опишаната одлука.

Решението во смисол на член 23 став 3 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа е објавено во Службен весник на РСМ и на веб страната на Министерството за локална самоуправа, во делот на Државниот инспекторат за локална самоуправа, како и на самата страна на органот.


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Бул “ Гоце Делчев”,бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul “ Goce Delcev “,nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk

Причините поради кои беше запрена примената на Одлуката што е предмет на оценување на уставност и законитост (во натамошниот текст спорната или запрената одлука ) се следните :

Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, објавена во („Службен гласник на општина Ѓорче Петров") бр.08/2023, не е во согласност со член 23 став (1) и ставовите (5 до 9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија.") бр.32/2020 и 111/2023 ).

**Според член 23 став (1) од Законот за урбанистичко планирање**

(1) Урбанистички план е на сила до донесување на нов урбанистички план.

Според член 23 ставовите (5-9) од истиот закон, цитираме:
(5) Урбанистички план од член 10 став(1) точките 1,2,3,4 и 5 негов дел или планска оддредба се суспендира од применување од страна на донесувачот на планот, доколку се докаже несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот, која би се зголемувала со неговото спроведување, а произлегува од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него, поради негова неусогласеност со планови од повисоко ниво или поради плански решенија чиишто штетни последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за негово донесување.
(6) Донесувачот на планот, одлуката за суспензија ја донесува врз основа на стручен елаборат за суспензија на применувањето на урбанистичкиот план, негови делови или плански одредби, изработен од комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, а по претходно добиено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кое се издава во рок од 15 работни дена по приемот на стручниот елаборат и барањето за мислење.
(7) Одлуката од ставот (6) на овој член е на сила до донесувањето на измени и/или дополнувања на суспендираниот урбанистички план, негови делови или плански одредби, со коишто ќе се надминат и отстранат недостатоците што биле основ за суспензијата, но не подолго од шест месеци за поединечни делови од урбанистички план или одредени плански одредби и една година за целиот плански опфат на урбанистичкиот план.


Влада на Република Северна Македонија Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

(8) Одлуката од ставот (6) на овој член не може да се донесе доколку донесувачот истовремено не донесе одлука за отпочнување на постапката за донесување на нов урбанистички план или на измени и дополнувања на урбанистичкиот план од ставот (7) на овој член, со цел отстранување на одредбите од ставот (5) на овој член за кои е докажана штета по јавниот интерес.

(9) По истекот на роковите од ставот (7) и неисполнувањето на условот од ставот (8) на овој член, суспендираниот урбанистички план, неговите делови или плански одредби продолжуваат да се спроведуваат, при што штетите што настанале од суспендирањето на планот како и од неотстранувањето на недостатоците на урбанистичкиот план од ставот (5) од овој член, ги сноси единицата на локалната самоуправа за урбанистичките планови од локално значење и Владата на Република Северна Македонија за урбанистичките планови од државно значење.

Овој закон не го познава поимот времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров .

Од фактите утврдени при извршениот вонреден инспекциски надзор на ден 15.09.2023 година **е констатирано дека гореспоменатата одлука не е во согласност со член 23 од Законот за урбанистичко планирање**, став (1) и ставовите (5 до 9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија.") бр.32/2020 и 111/2023 ), бидејќи во истиот член не им е дадено надлежност на членовите на Советите на општините во градот Скопје за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план и дека со тоа е повреден и принципот на владеење на правото и одредбите од Законот за урбанистичко планирање.

Со оглед на тоа дека спорната одлука е незаконита, таа не може да произведе правно дејство и како таква не може да остане во правниот промет. Затоа предлагаме:

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на чл. 110 од Уставот на Република Северна Македонија и чл. 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија , да го донесе следното :

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за локална самоуправа | Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

**Државен инспекторат за локална самоуправа** | **Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

# Р Е Ш Е Н И Е

Се поведува постапка за оценување на законитоста на, Одлуката за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, објавена во („Службен гласник на општина Ѓорче Петров") бр.08/2023.

Решението на Државниот инспекторат за локална самоуправа бр. 02-193/1 од 02.10.2023 година останува во важност до конечната Одлука на Уставниот суд по повод поведената иницијатива од претходниот став.

Предлагаме по спроведената постапка за оценување на законитоста на спорната, Одлука за времен прекин на дел од постапките со кои се спроведува Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 03, општина Ѓорче Петров, со бр. 08-1360/5 од 13.07.2023 година, донесена од Советот на општина Ѓорче Петров, објавена во („Службен гласник на општина Ѓорче Петров") бр.08/2023, Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе Одлука со која како незаконита ќе ја поништи запрената Одлука на Советот на општина Ѓорче Петров.

**Прилог:** Решение на Државниот инспекторат за локална самоуправа
Одлуката на Советот на општина Ѓорче Петров
Огласот за објавување

Подготвил: Рахим Муслиу
Виш- државен инспектор за локална самоуправа

**ВД ДИРЕКТОР,**
**Ферди Шабани**


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale

Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
++38923256762
www.dils.gov.mk